РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN TE KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 21-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 03 | 343/1 | | |

( Образец ПП……)

**До:** **Државна комисија за спречување на корупција**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:, [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
- број на поднесени пријави од страна на млади лица на возраст од 18 до 29 години, поради сомневања за постоење на коруптивно однесување, фаворизирање, злоупотреба на јавна функција, постоење на судир на интереси, за временски период 2022 и 2023 година;
- број на покренати предмети по пријавите поднесени од страна на младите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 21.01.2025 година.**

**Потпис**

______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

Бр. / Nr. 03-343/2
27-01-2025 г./v

Врз основа на член 20 став (1) и член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-343/1 од 21.01.2025 година, поднесено [redacted] го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-343/1 од 21.01.2025 година, доставено до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Барателите на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК доставија барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-343/1 од 21.01.2025 година, со кое побара: *„Број на поднесени пријаци од страна на млади лица на возраст од 18 до 29 години, поради сомневање за постоење на коруптивно однесување, фаворизирање, злоупотреба на јавна функција, постоење судир на интереси, за временски период 2022 и 2023 година и Број на покренати предмети по пријавите поднесени од страна на младите"*.

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето, ДКСК утврди дека не располага со информации или податоци кои се однесуваат на бројот на поднесени пријави/претставки за корупција и видот на корупција која се пријавува од млади лица на возраст од 18 до 29 години за 2022 и 2023 година. Ова е поради фактот што во ДМС системот на ДКСК, како и во

евиденцијата за постапување по предметите, не се води евиденција за возраста на подносителите на пријавите, бидејќи нема законска надлежност да се води таква евиденција.

Дополнително, на Ваш интерес може да се упатите за повеќе информации за бројот на пријави според области со наводи за незаконски и коруптивни елементи како и областите за кои ДКСК по сопствена иницијатива има формирано предмети, се објавени во Годишните извештај за работата на ДКСК, во однапред пропишана форма и се достапни за јавноста, на следниот линк:

https://dksk.mk/mk/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

**Изготвил:** Бурим Абази, службено лице,
**Одобрил:** Адем Чулуљ, генерален секретар

**Да се достави до:**
- подносителот